26.01.2024
Таневска
Соња
Гоџевиќ

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

**– Оддел за правни работи и управување со човечки ресурси –**

**Сектор за правни работи**

Рег. бр: 13.1.1 - 549/1

Скопје, 24.01.2024 2024

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Центар за обука
26.01.2024
21.

**ДО**
**ЦЕНТАР ЗА ОБУКА**
**Тука**

**ПРЕДМЕТ:** Упатство, доставува.-

Почитувани,

во прилог на актот ви доставуваме оригинален примерок од Упатство за изменување и дополнување на Упатството за оценување на кандидати за основна обука за полицаец и учесници на континуирана и меѓународна обука бр. 13.1.1-6376/1 од 20.01.2024 година, на ваше запознавање и натамошно постапување.

Со почит,

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
*Снежана Петровиќ-Арсовска*

**Подготвил:** м-р М. Топаловска
**Контролирал:** Е. Ш. Митева
**Согласен:** В.И.Наумовска

**ПРИЛОГ:** Како во текстот


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

---

# УПАТСТВО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ОСНОВНА ОБУКА ЗА ПОЛИЦАЕЦ И УЧЕСНИЦИ НА КОНТИНУИРАНА И МЕЃУНАРОДНА ОБУКА

**Скопје, јануари 2024 година**

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на ржавната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), министерот за внатрешни работи донесе

# УПАТСТВО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ОСНОВНА ОБУКА ЗА ПОЛИЦАЕЦ И УЧЕСНИЦИ НА КОНТИНУИРАНА И МЕЃУНАРОДНА ОБУКА

## Член 1

Во Упатството за оценување на кандидати за основна обука за полицаец и учесници на континуирана и меѓународна обука бр. 13.1.1-35408/1 од 30.03.2023 година и бр. 13.1-116542/1 од 01.11.2023 година во член 6-а ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Кандидатот кој од оправдани посериозни здравствени причини како тешки телесни повреди, бременост и породилно отсуство, хируршки интервенции и други потешки болести кои наложуваат подолго лекување, кое се докажува со соодветна медицинска документација, не бил во можност да биде оценет во некој од сегментите за оценување, веднаш по завршување на причините или непосредно пред завршување на сегментот за кој се оценува, може да поднесе писмено барање до Советот на обучувачи, кој се произнесува по барањето со образложено мислење согласно ставот (2) на овој член.“.

Во став (2) алинејата 2 се менува и гласи:

„- донесува мислење со препорака за впишување минимум од предвидените бодови за соодветниот сегмент или“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Мислењата и препораките на Советот за обучувачи од ставот (2) на овој член се доставуваат до раководниот работник одговорен за спроведување на оценувањето.“.

## Член 2

Во член 7 ставот (4) се брише.

## Член 3

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр.13.1.1- 6376/1
20. 01. 2024 2024 година

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Оливер Спасовски